***З А П И С Н И К***
***од 10- та седница  на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 29.06.2026 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутна беше Александра Трајковска. На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски, директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

- Записник од 9-та седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки

На седницата се расправаше по следниот

ДНЕВЕН  РЕД

1. Финансиски извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година
2. Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2026 година во ЈКП Комуналец Демир Хисар
3. Разгледување на барање од Светислав Апостолов
4. Одлука за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар
5. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата,  предложениот дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со точка 4. Одлука за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар. Советниците немаа забелешки. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Финансиски извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година***

Финансискиот извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година беше прифатен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. Во врска со извештајот објаснување имаше директорот Гоце Мицковски, при тоа објасни загубата на претпријатието е 1.759.267, многу средстства се трошат за електрична енергија. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша кое е решението за надминување на ваквата состојба. Претседателот на советот Никола Дранговски истакна поставување на панели кај пумпите тие се најголемиот потрошувач на електрична енергија. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на финансискиот извештај гласаа 6 „за“, 1 „воздржан“ и 3 „против“.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2026 година во ЈКП Комуналец Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2026 година во ЈКП Комуналец Демир Хисар објаснување имаше директорот Гоце Мицковски, при тоа објасни има испразнети работни места исто така три ќе се испразнат по основ на пензионирање во текот на тековнава година. Претседателот на Советот Никола Дранговски забележа во седничкиот материјал во планот за вработување има две планирани места кои ќе се испразнат по основ на пензионирање. Советничката Велнтина Ѓорѓиовска праша колку може да се реализират овде се планира 14 вработувања. Директорот Мицковски објасни треба да има 3 планирани пензионирања можебие е техничка грешка, потоа додаде реално потребни се 10 вработувања но неопходно е два општи работници и еден ракувач на пумпа. Дискусија повеќе немаше. За давање согласност на планот гласаа 6 „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 3. Разгледување на барање од Светислав Апостолов***

Во врска со барањето од Светислав Апостолов, претседателот на советот Никола Дранговски предложи оваа точка да се одложи за наредна седница. Советниците немаа забелешка, предлогот беше прифатен.

***ТОЧКА 4. Одлука за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Објасни и оваа година се планира да се воведе бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на општината 3 релации како и предходните години. Советничката Маја Велеска го информираше советот согласно член 33 став 1 од Деловникот за работа на советот нема да учествува во процесот на одлучување на оваа точка. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Никола Дранговски ги информира советниците има доставено барање до Советот од МЗ Вардино потребно е работа со машина кај црквата св Елена и Констатин. Советниците немаа забелешка се согласија ЈКП Комуналец да излези во пресрет на жителите.

Советничката Валентина Ѓорѓиовска имаше забелешки советниците поставуваат прашања, се евидентираат, но ништо од тоа, нема одговори. Требаше да добиеме одговор од СОУ Крсте П Мисирков за потрошениет средства, нема ништо. Претседателот на советот Никола Дранговски предложи повторно да се евидентира во записник и да се одговори.

Советнникот Љупчо Најдовски праша за канализацијата во Белче каде е проблемот, зошто не се става во функција. Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни колку што има информација се чека одговор од Министерство за животна средина. Советникот Љупчо Најдовски додаде нелогично како се планирало да се препумпуваат фекалиите, нека се најде друго решение. Многу работи се бараат нема одговор. За Суводол се бара поставување на бандери нема ништо од тоа. Во ЈКП Комуналец фалат работници да можат да ги завршуваат обврските администрација не фали. Потоа во својата дискусија објасни како се менаџирало претпријатието во периодот кога беше градоначалник добро е да се применат добри практики неможе претпријатието да опстојува само од наплата. Исто така за проблемите во детската градинка учениците треба да се вратат во основното училиште да се ослободат просториите требаше да плаќаат услуги за тоа што ги користат просториите ни тоа не се прави, а детската градинка нема доволно средства. Забелешка имаше и во насока на интервенции што ги прави општината добро е да се инвестира во Вардино, но треба да се направи нешто и во другите населени места во Журче нема ништо направено. Советникот Илче Ангелевски

додаде во Суводол нити бандерите се поставени нити старата училишна зграда е отстранета. Советничката Валентина Ѓорѓиовска во насока на забелешките за работата на ЈКП Комуналец додаде повеќе се посветува на собирање приходи од наплата помалку на сработено. Советникот Љупчо Најдовски истакна во помалите населени места неисплатливо е одржувањето на комуналните услуги нема доволно население трошоците се големи, гласавме план за вработување нека се вработата работници. Советничката Клара Кузмановска додадее во Сопотница се бара да се воведе јавна чистота нека одржува јавното претпријатие, потоа уште еднаш го истакна проблемот со децата кои се на листата на чекање треба да се направи нешто. Имаш подршка од советот истакна советникот Љупчо Најдовски треба да се најде решение со градоначалникот да се разговара. Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17-690/2
27.07.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски с.р.